РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 292/4
21.05. 2026 год.-viti
Скопје - Shkup

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 149 став (2) од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија” бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” бр.178/21, 58/24 и 124/25), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 60 седница одржана на 04.05.2026 година, донесе

**РЕШЕНИЕ**

**за акредитација на студиската програма „Рано детско воспитание и образование“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје**

1. Се акредитира студиската програма „Рано детско воспитание и образование“, од трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2026/2027 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор на науки по рано детско воспитание и образование /во меѓународен промет академски назив: Doctor of philosophy in Early Childhood Education.
Научно - истражувачко подрачје: 5 Општествени науки; Научно – истражувачко поле: 5.03 Воспитание и образование, Научно - истражувачко област: 5.03.00.12 Друго (Рано детско воспитание и образование), 5.03.00.01 Педагогија, 5.03.00.02 Дидактика, 5.03.00.03 Методик,а5.03.00.11 Образование на наставници.

4. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Розалина Попова Коскарова, проф. д-р Аида Ислам, проф. д-р Сузана Никодиновска Банчотовска, проф. д-р Татјана Котева Мојсовска, проф. д-р Билјана Камчевска, проф. д-р Емил Сулејмани, проф. д-р Слаѓана Јакимовиќ, проф. д-р Весна Макашевска, проф. д-р Бујар Саити, проф. д-р Аднан Ќахил, проф. д-р Мариета Петрова, проф. д-р Билјана Глигорова, проф. д-р Леонора Јегени, проф. д-р Флорина Шеху, проф. д-р Зоран Михајловски, проф. д-р Лулзим Адеми, проф. д-р Маја Рауник Кирков, проф. д-р Мито Спасевски, проф. д-р Јета Старова, проф. д-р Лулзим Алиу, проф. д-р Весна Хорватовиќ, проф. д-р Анита Штерјоска Митреска.

5. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

6. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

По предходно донесената Одлука бр. 08-657/3 од 30.12.2025 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „Рано детско воспитание и образование“, трет циклус на академски студии - докторски студии (180 ЕКТС), на Педагошки факултет „Св. Климент Охридски“ - Скопје при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр. 08-112/1 од 29.01.2026 година (наш бр. 08 - 292/1 од 30.01.2026 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 53-та седницата одржана на 18.03.2026 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 – 292/3 од 11.05.2026 година, согласно Законот за високо образование*, Правилникот за стандардите и нормативите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 249/22, 4/23 и 97/24) и Уредбата за утврдување на научно-истражувачките полиња од трето ниво (области) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 91/2024) и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 60-та седница одржана на 04.05.2026 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Зоран Марков